**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ДЕВЕТТАТА седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 14.03.2022 година**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2022 ГОДИНА**

## З А П И С Н И К

**Од Деветтата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 14.03.2022 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

**********

По Нацрт - Записникот од **Осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно известувањето од стручната служба од 10.03.2022 година, врз основа на поднесена информација бр.09-1321/1 од 09.03.2022 година од членот на советот - Сафет Адеми, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**55.** Предлог - Заклучок за усвојување на Информацијата за изградба на детска градинка во дворот на старото училиште при ООУ "25 Мај" - Скопје, на КП 1015/1 КО Сингелиќ 2.

Согласно известувањето од стручната служба од 11.03.2022 година, врз основа на поднесено барање од членот на советот - Орде Маневски, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**56.** Расправа по барање за вработувања од страна на општина Гази Баба во установи од предшколска возраст се со цел обезбедување на квалитетно/адекватно внимание на децата во соодветните установи.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 55** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **22 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 56** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **22 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "55" и "56" се составен дел од предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред.

Градоначалник на Општина Гази Баба:

Во својство на предлагач, предложи предложената точка **41.** "Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2021 година" **да се симне** од предложениот дневен ред.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **26 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "41" е симната од предложениот дневен ред, а точките редоследно од "42" - "56" ќе се разгледуваат како точки редоследно од "41" - "55".

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2021 година;
2. Предлог - Одлука за формирање на Локален совет за превенција;
3. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба;
5. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје;
6. Предлог - Заклучок за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба;

7. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2021 година;
8. Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2022 година;
9. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2021 година;
10. Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
11. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
12. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2021 година;
13. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2021 година;
14. Предлог - Одлука за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кочани;
15. Предлог - Одлука за давање на претходна согласност за склучување на договор за соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општинска организација на Црвен крст Гази Баба - Скопје;
16. Предлог - Одлука за давање согласност за користење на името "Гази Баба - Скопје", во постапка за регистрација на правен субјект;
17. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година;
18. Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини, во надлежност на Општина Гази Баба;
19. Предлог - Одлука за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
20. Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови во Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
21. Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови во Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
22. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари;
23. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 11, Блок ЦС 11.03, Општина Гази Баба - Скопје;
24. Предлог - Одлука за намера за реализација на приоритени локални улици во населба Хиподром 2;
25. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година;
26. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Стив Наумов" - Скопје;
27. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Григор Прличев" - Скопје;
28. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "25 Мај" - Скопје;

29. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје;
30. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје;
31. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје;
32. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје;
33. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Крум Тошев" - Скопје;
34. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Наум Наумовски-Борче" - Скопје;
35. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "Наум Охридски" - Скопје;
36. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "Његош" - Скопје;
37. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2021 година;
38. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година;
39. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2021 година;
40. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2021 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи;
41. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2021 година;
42. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2021 година;
43. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2021 година;
44. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2021 година;
45. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2021 година;
46. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2021 година;
47. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2021 година;
48. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2021 година;
49. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2021 година;
50. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2021 година;

51. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година;
52. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година;
53. Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година;
54. Предлог - Заклучок за усвојување на Информацијата за изградба на детска градинка во дворот на старото училиште при ООУ "25 Мај" - Скопје, на КП 1015/1 КО Сингелиќ 2; и
55. Расправа по барање за вработувања од страна на општина Гази Баба во установи од предшколска возраст се со цел обезбедување на квалитетно/адекватно внимание на децата во соодветните установи.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2021 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **м-р Соња Зашовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.03.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Командирот на ПС од ОН "Гази Баба"- Александар Димовски и членовитена советот: Никола Тутевски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Дарко Стојановски (Левица), Тони Симоновски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Сашо Начовски (ВМРО-НП - дел од коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2021 година, со **22 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на Локален совет за превенција.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 10.03.2022 година.

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска:**

Од стручната служба сум информирана дека по однос на оваа точка од членот на советот **Орде Маневски** е **поднесен 1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-1447/1 од 14.03.2022 година. Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-1447/1 од 14.03.2022 година**)

Членот на Советот - Орде Маневски го образложи поднесениот амандман.

Градоначалникот на Општина Гази Баба **го прифати** поднесениот амандман и истиот стана составен дел на Предлог-Одлуката.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на Локален совет за превенција, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Сашо Начовски (ВМРО - НП - дел од коалиција предводена од СДСМ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **17 гласа "ЗА", 3 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

*Коментар од стручната служба:*

По претходно барање за пауза од членот на советот - м-р Мартин Ристов за подготовка на аманадман, Претседателот на советот даде пауза од 30 минути за да се подготви и поднесе амандман и истовремено да се одржи седница на комисијата

за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина за да завземе став по однос на точка 54:

- Предлог - Заклучок за усвојување на Информацијата за изградба на детска градинка во дворот на старото училиште при ООУ "25 Мај" - Скопје, на КП 1015/1 КО Сингелиќ 2.

**По паузата.**

Од стручната служба сум информирана дека по однос на оваа точка од членовите на советот м-р Мартин Ристов и Александар Саша Димитријевиќ е **поднесен 1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-1458/1 од 14.03.2022 година. Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-1458/1 од 14.03.2022 година**)

Членот на Советот - м-р Мартин Ристов го образложи поднесениот амандман.

Градоначалникот на Општина Гази Баба **го прифати** поднесениот амандман и истиот стана составен дел на Предлог-Одлуката.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Гордана Јовиќ - Стојковска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **20 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **18 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 10.03.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.03.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2021 година, со **20 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 10.03.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2022 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2021 година, со **20 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **18 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2021 година, со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2021 година, со **22 гласа "ЗА".**

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кочани.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Сашо Начовски (ВМРО - НП - дел од коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кочани, со **18 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање на претходна согласност за склучување на договор за соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општинска организација на Црвен крст Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање на претходна согласност за склучување на договор за соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општинска организација на Црвен крст Гази Баба - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за користење на името "Гази Баба - Скопје", во постапка за регистрација на правен субјект.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во текстот)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за користење на името "Гази Баба - Скопје", во постапка за регистрација на правен субјект, со **21 глас "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини, во надлежност на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини, во надлежност на Општина Гази Баба, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови во Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на членови во Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **18 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови во Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на членови во Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **18 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 11, Блок ЦС 11.03, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Стојка Долиќоска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 11, Блок ЦС 11.03, Општина Гази Баба - Скопје, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за намера за реализација на приоритени локални улици во населба Хиподром 2.**

Претседавачот на комисијата за локален економски развој - **Тони Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 10.03.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за намера за реализација на приоритени локални улици во населба Хиподром 2, со **21 глас "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во текстот)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Стив Наумов" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Соња Зашовска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), директорот ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје - м-р Анита Ангеловска и претставникот од општинската администрација- Елизабета Анчевска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Григор Прличев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "25 Мај" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "25 Мај" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Крум Тошев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Крум Тошев" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "Наум Охридски" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "Наум Охридски" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "Његош" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ООУ "Његош" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на комисијата за еднакви можности на жените и мажите - **м-р Живко Белчев**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.03.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2021 година, со **20 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Сафет Адеми (ДУИ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2021 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2021 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2021 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, со **21 глас "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Никола Тутевски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.03.2022 година.

Во расправата учествуваа членот на советот - Никола Тутевски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и претставникот од општинската администрација - Емилија Кипровска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2021 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2021 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2021 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Никола Тутевски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Сафет Адеми (ДУИ), м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Иван Симоновски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и претставникот од општинската администрација - Тодор Петров.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2021 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2021 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2021 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.03.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на Информацијата за изградба на детска градинка во дворот на старото училиште при ООУ "25 Мај" - Скопје, на КП 1015/1 КО Сингелиќ 2.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 14.03.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во насловот и членот 1)** ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за **донесување на планска документација (ДУП)** за изградба на детска градинка во дворот на старото училиште при ООУ "25 Мај" - Скопје, на КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕДЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Расправа по барање за вработување од страна на општина Гази Баба во установи од предшколска возраст се со цел обезбедување на квалитетно/адекватно внимание на децата во соодветните установи.**

Во расправата учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Орде Маневски (Левица), м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), д-р Билјана Крстевска (Левица), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Иван Симоновски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Деветтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **17** часот.

**Број 09-1873/2**
**од 05.04.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот